# ЈАВЕН ПОВИК за избор на ОБУЧУВАЧ/КА за спроведување на обука за вработени во Гласен текстилец на тема: „Превенција и менаџмент на синдром на професионално согорување" (Burnout syndromes)

Здружението „Гласен Текстилец“ од Штип, објавува повик за ангажирање на еден/а обучувач/ка за спроведување на обука за превенција и менаџмент на Burnout syndromes.

Ангажманот е во рамки на проектот „Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од источниот регион 2“. Проектот е финансиран од Фондацијата Kvinna till Kvinna и Шведска.

## *Услови и критериуми за кандидатите:*

Кандидатите со следното искуство се добредојдени да аплицираат:

• Најмалку универзитетска диплома по **психологија**, **социјална работа** и други сродни области;
• Најмалку 5 години професионално искуство;
• Најмалку 3 години искуство во спроведување на обуки поврзани со работата на граѓанскиот сектор.

## *За предност ќе се сметаат:*

- Познавање на човековите права и родовиот концепт;
- Да има професионално искуство во граѓанското општество.

## *Опис на работните обврски:*

Бараме високо искусен/а и професионален/а обучувач/ка за следниве главни задачи:

• Да се развие интерактивна и детална програма за обука и сите придружни материјали за испорака за тродневна обука;

• Да се користи интерактивен пристап со учесниците;

• Да се развие Методологија и програма за обуката;

• Да ја споделат методологијата и програмата со организаторите од Гласен текстилец. Гласен текстилец го задржува правото да направи промени во предлогот;

• Да одржи тродневна обука за учесници/вработени;

• Обуката ќе се одржи на во периодот од **27** до **29** ноември **2024** година;



**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

• Да подготви наративен извештај за реализираната обука и да го сподели со организаторите не подоцна од 10 декември 2024 година. Извештајот за обуката треба да биде напишан на англиски јазик и превод на македонски јазик.

**Компоненти на обуката:**

• Промовирање на здрава и пријатна работна средина и толеранција;

• Намалување на стрес, предизвикан од работното место;

• Техники за релаксација;

• Зголемување на самодовербата;

• Балансирање на работата со приватниот живот;

• Само грижа на вработени;

• Градење на интерперсонални вештини;

• Менаџирање на време и работни обврски.

***Начин на апликација:***

Се аплицира со детално пополнување на:

**Анекс 1:** Образец за апликација;
**Анекс 2:** Буџет (изразен во денари).

Двата анекса се поднесуваат електронски на **glasentekstilec@gmail.com** до **25 октомври 2024** година.

Напомена: Некоплетираните апликации и ненавремено доставените, Комисијата нема да ги разгледува.

***Прашања и дополнителни информации:***

Дополнителните прашања се доставуваат електронски до **20 октомври 2024** година, преку електронската адреса: **blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk**



**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**